# AntiPOVERTYmag

Списание на Европската мрежа против сиромаштија NO.137 - II, 2012

## НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА: ДАЛИ ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ ЌЕ ГИ ПРЕКРШАТ СВОИТЕ ВЕТУВАЊА?



## ПРИДОНЕСОТ НА СТРУКТУРНИТЕ ФОНДОВИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА Е ВО ОПАСНОСТ

**Тема накратко:**
**нов Фонд за европска помош за најзагрозените**

**Специјална тема на кампањата:**
**Парите на ЕУ за намалување на сиромаштијата СЕГА!**

**Прирачник на ЕАПН за Структурните фондови: Помош на НВО-ата за да се слушне и нивниот глас**

**Со придонес на 2 национални мрежи на ЕАПН:**
**ЕАПН Шпанија и ЕАПН Франција**
**и 2 европски организации:**
**Eurochild и Каритас Европа**

# Содржина


Дали структурните фондови ќе придонесат кон целта на намалување на сиромаштијата? 3

Прирачник на ЕАПН за структурните фондови: помош на НВО-ата за да се слушнат и нивните гласови 6

Интервју со Елизабет Морин-Шартије, известувач за Европскиот социјален фонд за 27-те земји членки 7

Во два збора за новиот Фонд за европска помош на најзагрозените 8

Поврзување на помошта во храна со пристапот до добра квалитетна храна за сите 9

Структурни фондови: низ призмата на Каритас Европа 9

Лобирањето на ЕАПН Шпанија за структурните фондови 10

Eurochild: Децата да бидат видливи во буџетот на ЕУ 10

*Кампања: ПАРИТЕ НА ЕУ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА СЕГА!* 11



A n t i P O V E R T Y m a g
Magazine of the European Anti-Poverty Network
N°137, II, 2012
Editor: Fintan Farrell Responsible for publication: Nellie Epinat Contributors: Vincent Caron, Rebecca Lee Square de Meeûs 18, 1050 Brussels
Tel: +32 2 226 58 50, Fax: +32 2 226 58 69 team@eapn.eu – www.eapn.eu



This magazine is supported by the Directorate-General for Employment, social affairs and equal opportunities of the European Commission.
Its funding is provided for under the European Community Programme for
Employment and Social Solidarity PROGRESS (2007–2013).
For more information see http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=327&langId=en



The information contained in this publication does not necessarily reflect the position or opinion of the European Commission

### Земјите членки и прекршените ветувања




Од Финтан Фарел, Директор на ЕАПН

Овој број на ЕАПН Маг за иднината на Структурните фондови на ЕУ зборува за тоа како земјите членки имаат намера да го прекршат своето ветување, што го дадоа кога се согласија со Целта на ЕУ за намалување на сиромаштијата. Една од клучните придобивки на оваа цел беше предлогот на Комисијата да одвои 25% од следниот круг на Структурни фондови на име на Европскиот социјален фонд (ЕСФ) и да врзе 20% од ЕСФ за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост.

Имајќи предвид дека во стварноста, според официјалните бројки, наместо сиромаштијата и социјалната исклученост да се намалуваат, тие се зголемени за 4 милиони луѓе; имајќи предвид дека нашите членови, од нивната теренска работа, знаат дека реалноста е многу посурова отколку што покажуваат бројките, ЕАПН верува дека Предлогот на Комисијата е минимум што треба да се задоволи за да се одговори на оваа ситуација. Одбивањето на овој Предлог од страна на земјите членки е јасно кршење на определбата на која се обврзале кога се согласиле со Целта за намалување на сиромаштијата.

Меѓутоа, неуспехот да се согласат за Буџетот на вонредниот Совет во ноември ни дава за право земјите членки да ги сметаме одговорни за ветувањата што ги дадоа и да вршиме притисок на нив да го поддржат Предлогот на Комисијата. Исто така бараме Комисијата да застане цврсто во одбрана на својот Предлог и, како што ќе прочитате во овој број на списанието на ЕАПН, Европскиот парламент завзема цврст став да го поддржи овој Предлог.

Се надевам дека во овој број ќе ги најдете информациите што ви требаат за да преземете акции на регионално, национално и ниво на ЕУ, за во иднина да се обезбеди Европскиот социјален фонд да може да донесе агенда за социјална вклученост. Исто така се надевам дека информациите овде изнесени ќе бидат ефикасен партнер во следниот круг на имплементација на Фондовите.

## Дали Структурните фондови ќе придонесат кон Целта за намалување на сиромаштијата?

Од Винсент Карон, Стратешки директор, ЕАПН

Иако првично многу ги поддржуваше законодавните предлози на Комисијата за идната Кохезивна политика 2014-2020, ЕАПН е сега длабоко загрижена поради начинот на кој Советот ги поткопува сите реалистични придонеси за целта намалување на сиромаштијата преку Структурните фондови (а посебно Европскиот социјален фонд). ЕАПН уште од почетокот на процесот беше клучен играч, со промовирање и одбрана на „намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост“ во новиот Структурен фонд, како и со самостално лобирање преку своите национални мрежи и како дел од други сојузништва.

**Предлогот на Комисијата: чекор напред...**
На 6 октомври 2011 Комисијата ги објави своите законски предлози за сите различни Структурни фондови. ЕАПН ги поздрави овие нацрти на Одредбите како чекор за подобар придонес кон целта на намалување на сиромаштијата со Стратегијата Европа 2020, како и големо подобрување во однос на имплементацијата на принципот на партнерство (усмерено кон обезбедување вклученост на сите партнери, како и на НВО-ата во целиот процес на Структурните фондови).

Во општите одредби на Структурните фондови се содржани одредби применливи на сите Структурни фондови, социјалното вклучување и намалувањето на сиромаштијата се јасно наброени меѓу заедничките цели. Предложено е и тоа партнерскиот принцип да има обрзувачки карактер, подразбирајќи инволвираност на НВО-ата во нацртот на Партнерскиот договор (т.е. нови стратешки договори помеѓу земјите членки и Европската Комисија, во соработка со партнерите, за користење на Структурните фондови, во детали одредувајќи за секоја земја, која свота на пари од Структурниот фонд ќе ја оддели за секоја цел на Европа 2020 одделно) и во целиот процес околу Оперативните програми[1]. Ова беше потврдено со предлогот на Европскиот Кодекс на однесување во партнерството, кој има минимални барања кон земјите членки во врска со овој предмет.

Овој прогрес е уште подобро видлив во предложените Одредби за Европскиот Социјален Фонд (ЕСФ), што овој Фонд го чини Европски финансиски инструмент за придонес кон целта на намалување на сиромаштијата преку **издвојување од најмалку 20% од Буџетот за социјално вклучување и намалување на сиромаштијата**. Ова исто така би се обезбедило со **сигурен минимален буџет од најмалку 25% од буџетот на Кохезивната политика. Овие „20-25%“ се нарекуваат „минимални удели“.** Понатаму, во склоп на тематската цел на „Промоција на социјалното вклучување и борбата против сиромаштијата“, активната вклученост е наведена како инвестиционен приоритет.

Скоро сите овие горе спомнати позитивни аспекти беа поддржани од Европскиот Парламент за време на гласањето на состанокот на ЕМПЛ минатиот јули.

**... поткопан од страна на Советот**
Додека се расправеше за Предлогот на Комисијата, земјите членки вршеа притисок да добијат што е можно поголема флексибилност за тоа како да ги користат средствата на национално ниво. На состанокот на Советот за општи прашања, што се одржа во јуни, тие ги одбија минималните удели за ЕСФ. Напомената за минималниот буџет за ЕСФ беше избришана. Напомената за 20% издвојување за ЕСФ остана, но земјите членки можат да ги користат средствата од Европскиот регионален фонд за развој (ЕРФР), наменети за социјално вклучување и да ги прибројат кон овие 20%. Тоа исто така значи дека земјите членки можат да им дадат приоритет на парите од ЕРФР (т.е. пари од други структурни фондови за големи инфраструктури како што е транспортот, истражувањето и развојот, стамбеното прашање) за да ја исполнат целта за намалување на сиромаштијата, наместо да ги искористат за човечки ресурси/услуги преку ЕСФ.

Покрај тоа, Советот го одби обврзувачкиот карактер на партнерскиот принцип и ја избриша таа напомена во Европскиот кодекс на однесување во партнерството.

За жал, за време на Советот за општи прашања во ноември земјите членки повторно ги одбија минималните удели за ЕСФ. Сега Парламентот ќе гласа за сите Одредби на пленарна седница, која ќе се одржи до првиот квартал на 2013 година. Што се однесува до буџетот на ЕУ, шефовите на државите не се усогласија за него на

1

вонредниот самит на Европскиот Совет на 22-23 ноември. Прашањето е одложено до февруари 2013, но доста е веројатно дека структурните фондови на буџетот ќе се намалат, што неизбежно ќе има негативно влијание на буџетот на ЕСФ.

**Позиционирање на ЕАПН како клучен играч**

На ниво на ЕУ, ЕАПН почна да лобира за проектирање на нов круг на Структурни фондови многу пред Предлогот на Комисијата. Веќе во 2009 година, ЕАПН ја пренесе својата прва порака, темелена на спроведеното истражување, во кое се проценува придонесот на Структурните фондови на социјалната вклученост во тогашниот програмски период од 2007-2013 година. Сеопфатен вовед во тоа како да се промовира социјалното вклучување и борбата против сиромаштијата е направен во одговорот на ЕАПН на 5-от Кохезионен Извештај[2] при крајот на јануари 2010. Како одговор на ова, ЕАПН јасно бараше механизам на обврзувачко издвојување за ЕСФ за сиромаштијата и социјалното вклучување, што во конечност беше интегрирано во Предлогот на Комисијата. Клучните пораки на ЕАПН беа повторени и на формалните и неформалните состаноци организирани од ДГ РЕГИО и ДГ ЕМПЛ.

Потоа, штом Предлозите на Комисијата беа издадени, ЕАПН изготви детален Одговор, што ја припреми работата на ЕАПН за Парламент. Предлози на амандмани на нацртот на Општите Одредби, како и на ЕСФ и ЕРДФ, беа пратени до сите известувачи и истражувачи, со успешно позиционирање во извештајот на ЕСФ. ЕАПН беше поканет од Комитетот на ЕМПЛ да ги презентира своите гледишта при измената на ставови.

На национално ниво, ЕАПН исто така работи заедно со своите национални мрежи за да им помогне да се вклучат од почеток на нацртот на партнерските договори и оперативните програми. Издаден е прирачник во октомври 2012 година, за да им помогне на социјалните НВО-а во проверката дали целта на намалување на сиромаштијата е правилно отсликана во Структурните фондови во нивните земји (види ја следната статија).

**ЕАПН поттикнува стварање сојузништва**

За да биде поефикасен и приметлив со своето лобирање, ЕАПН работеше во изминативе 12 месеци на партнерства со други клучни чинители од ова поле.

Како прво, многу придонесе на иницијативата на Социјалната Платформа (правеше нацрт на предлог амандмани, писма до креаторите на политиката во ЕУ, кампањи за буџетот на ЕУ).

Второ, коалираше со 42 Европски организации (синдикати, економски чинители и социјални и еколошки НВО-а) за да го одбрани принципот на партнерство, што е разводнет од страна на Парламентот и Советот.

Структурните фондови се финансиски средства поставени да ја имплементираат регионалната политика на Европската Унија. Тие имаат за цел да ги намалат регионалните разлики во однос на приходите, богатството и можностите. Посиромашните региони на Европа го добиваат поголемиот дел на помошта, но сите региони имаат право на финансирање преку различните фондови и програми на стратегијата. Сегашната Регионална Стратегија е поставена за период од 7 години, од 2007 до 2013 година.

Структурните фондови ги сочинуваат Европскиот регионален фонд за развој (ЕРФР) и Европскиот социјален фонд (ЕСФ). Заедно со Заедничката аграрна политика (ЗАП), Структурните фондови го сочинуваат најголемиот дел на финансирањето на ЕУ и главнината на трошоци на ЕУ.

---

[2] The contribution of Cohesion Policy to social inclusion - What role for social NGOs? EAPN mid-term assessment of the current programming period and perspective for post-2013 (EN/FR)

| | ЕУ процес: Одредби на структурните фондови | | Национален процес: Оперативни програми (ОП) и Партнерски договори (ПД) |
|---|---|---|---|
| окт 2011 | Првотен предлог на Комисијата | | |
| | ↓ | окт – дек 2012 | Неформални разговори меѓу Комисијата и земјите членки |
| јан 2012 – фев 2013 | Преговори меѓу Советот и Европскиот Парламент (заедничка одлука) | | ↓ |
| | ↓ | | |
| крај на 1-от квартал 2013 | Конечно усвојување | крај на 1-от квартал | Усвојување на преговарачкиот мандар (официјални разговори) |
| | | | ↓ |
| | | крај на 2013 | Крај на разговорите – Усвојување на ОП и ПД |

**СООЧУВАЊЕ СО ФАКТИТЕ: СИРОМАШТИЈАТА ПОСТОИ ВО ЦЕЛА ЕВРОПА**

1 од 4 лица е во ризик од сиромаштија или социјална исклученост во ЕУ

Од популацијата на ЕУ од отприлика 500 милиони луѓе:

→ 84 милиони живеат под границата на сиромаштија (луѓе кои заработуваат помалку од 60% од националниот просечен приход)

→ 22 милиони луѓе живеат во материјална неимаштина (луѓе кои не можат да си дозволат добра, услуги или активности што се сметаат за основни нужности во нивната земја)

→ 18 милиони живеат во домаќинства без приходи

= 120 милиони луѓе во ризик да доживеат сиромаштија или социјална исклученост



**ШТО МОЖЕ ЕУ ДА НАПРАВИ ВО ВРСКА СО ТОА?**

Буџет на кохезионата политика (БКП)

Европско финансиско средство за намалување на нееднаквостите во границите на ЕУ

↓

Европски социјален фонд (ЕСФ)

Дел од БКП и главно средство за промовирање на вработувањето и економската и социјалната кохезија

2010 Националните влади на ЕУ земјите се согласија на една заедничка цел на намалување на сиромаштијата: да се извлечат најмалку 20 милиони луѓе од сиромаштија до 2020.

2011 За да се поддржи целта на намалување на сиромаштијата, Комисијата предложи прераспределба на 25% од Буџетот на кохезионата политика во Буџетот на Европскиот социјален фонд и да обезбеди 20% од овој фонд за социјално вклучување и намалување на сиромаштијата.

2012 Земјите членки не постигнаа никаков договор за буџетот на ЕУ.

2013 Предлогот на Комисијата треба да се поддржи – тоа е минимумот што може да се стори за да се почитува – и се надеваме и постигне – целта за намалување на сиромаштијата.






## Прирачникто на ЕАПН за Структурните фондови:
## Помош до НВО-ата за да се слушнат и нивните гласови

Од Винсент Карон, Стратешки директор, ЕАПН

***Почетна точка: отварање на вратите на национално ниво***

Истовремено со дискусиите меѓу Советот и Европскиот Парламент за иднината на Одредбите за Структурните фондови, националните власти веќе започнаа пред летото 2012 неформални процеси на подготовка на нивните Партнерски договори и Оперативни програми. За жал, и покрај принципот на обврзувачко партнерство предложен од Европската Комисија на сите нивоа на процесот на Структурните фондови, предлагајќи вклучување на сите релевантни партнери (значи и на НВО-ата) од самиот почеток, т.е. од фазата на нацрт, оваа фаза во повеќето земји членки (а посебно во „новите“) останува процес што се одвива „зад затворени врати“, со малку можност засегнатите да можат да го кажат своето мислење.

***Клучни пресвртници***

Со издавањето на ставовите на Комисијата за секоја земја членка, неформалната дискусија меѓу Комисијата и земјите членки „официјално“ започна. Овие документи би требало да ги водат земјите членки во идните програмски структури и приоритети. Тие исто така имаат за цел да ги приготват мандатите за преговори, кои ќе ги зајакнат дискусиите за Оперативните Програми меѓу Комисијата и секоја од земјите членки.

- До декември 2012: Крај на неформалната дискусија меѓу Комисијата и земјите членки на ЕУ;
- До првиот квартал 2013: Усвојување на преговарачкиот мандат како работен документ за службениците;
- До крајот на 2013: Конечно усвојување на договорот од страна на Европската Комисија.

Затоа, важно е за националните мрежи да започнат да се вклучуваат во следниот програмски период на Структурните фондови пред крајот на неформалните дискусии меѓу Комисијата и земјите членки, ако треба да влијаат на нивните национални власти (во релевантните министерства – финансии, вработување и социјала...), како и на Европската Комисија (преку службениците назначени за секоја земја) во подготовката на Оперативните програми и Партнерските договори.

***Да се слушне гласот на НВО-ата уште од почетокот на процесот***

Подготвен од страна  на оперативна група од 6 експерти, Прирачникто на ЕАПН има за цел да ја поддржи застапничката работа на националните мрежи и социјалните НВО-а; да им помогне во вршење притисок врз националните влади, со цел овие да им дадат првенство на социјалните цели на Европа 2020 и поготово на целта за намалување на сиромаштијата, како во Партнерските договори, така и во Оперативните програми.

***Три намени на прирачникот***

1. Обезбедува подобро разбирање на главните карактеристики на идните Одредби на Структуралните фондови за програмскиот период 2014 – 2020 со преглед на сегашната состојба на

работите, почнувајќи од анализата на законските предлози на Комисијата до резимето на највпечатливите точки на расправата меѓу Европскиот Парламент и Советот.

2. Им помага на националните мрежи да се вклучат во процесите на Структуралните фондови и најдобро да ја искористат новата Стратегија Европа 2020 за целта намалување на сиромаштијата. Поради тоа овој прирачник дава, прво, краток преглед на работата на ЕАПН во промовирањето на социјалното вклучување и обезбедувањето на копмлетно исполнување на целта намалување на сиромаштијата со помош на Кохезивната политика.

А најважно од сé, овој прирачник е уште од почеток направен како практичен документ, едноставен за употреба и користење, со:

- Корисни совети/сугестии за тоа кој да се контактира во Комисијата (службениците) и во националните министерства; сите клучни документи на ЕУ со сродните линкови; објаснување на процесот на преговори меѓу Европската Комисија и земјите членки; совети за тоа како да се изгради стратегија за застапување. Во индексот на поими објаснет е, исто така, жаргонот на ЕУ поврзан со Структурните фондови. Понатаму, додаден е образец за да ја олесни работата на социјалните НВО-а при креирањето сопствени предлози за тоа како да се постигне целта на намалување на сиромаштијата во нивната земја. Во тој поглед, вклучени се и клучните пораки на ЕАПН за 2013 и понатаму.
- Добри практики од 3 различни ЕУ земји со успешни НВО-иницијативи за влијаење врз преговарачкиот процес за Структурните фондови.

3. И на крајот, им помага на националните мрежи и на нивните членови уште од почеток релевантните јавни служби да ги перципираат како клучни соговорници за следниот програмски период на Структурните фондови.

***Што е следно?***

Овој прирачник беше раздаден и на ниво на ЕУ и на национално ниво.[3] ЕАПН Шпанија го има прилагодено овој прирачник на своите национални и регионални прилики, за да направи од него средство за лобирање кон шпанските регионални власти. Пет многу активни работни групи биле поставени во 5 различни шпански регии. ЕАПН Италија веќе има испланирано да организира обуки за целата национална мрежа на темел на овој прирачник.

Освен тоа, националните мрежи на ЕАПН сакаат да обезбедат соодветно следење на резултатите на национално ниво, добиени на темел на овој прирачник, преку споделување искуства за неговата корист и ефикасност, во склоп на ЕАПН.

[3] Прирачникот е веќе достапен на шпански, а наскоро ќе биде и на други јазици (италијански, португалски, унгарски и можно и на други јазици.

# Интервју – Елизабет Моран Шартије

**Член на Европскиот Парламент и известувач за Европскиот социјален фонд**

**Во рамките на кампањата „Парите на ЕУ за намалување на сиромаштијата СЕГА!“, повикувајќи ги земјите членки да го поддржат Предлогот на Европската Комисија, ЕАПН ја интервјуираше г-ѓа Елизабет Моран-Шартије, член на Европскиот Парламент задолжен за прашањата на вработувањето и социјалата, како и известувач за Европскиот социјален фонд за 27-те земји членки. Г-ѓа Моран-Шартије вршеше голем притисок врз земјите членки да го поддржат Предлогот на Европската Комисија, бидејќи тие ќе го имаат последниот збор во таа работа.**

**ЕАПН: Која е Вашата улога како известувач на Европскиот Парламент за Европскиот социјален фонд?**

*Тоа значи дека јас повторно ја прегледувам законската регулатива[4] во врска со функционирањето на Европскиот социјален фонд за програмскиот период 2014-2020 – прашањето е од клучно значење! Моментално работиме за европските граѓани до 2020 година.*
*Во моментов, 84 билиони евра се предвидени за 27-те земји членки, а бидејќи нашата цел е да ја одржиме социјалната кохезија, ќе ни требаат 20% од тој буџет врзани за борбата против сиромаштијата.*
*Затоа што Социјалниот фонд е фонд на вклучување во работниот процес, т.е. социјална вклученост по пат на вклученост во работниот процес.*
*И повеќе од таа помош за вработување, сé уште постојат луѓе кои живеат во екстремна сиромаштија и им треба некој да им пружи рака.*
*Затоа ние сакаме и ќе се бориме за овие 20%, да бидат врзани за борбата против сиромаштијата.*

**ЕАПН: Кои се шансите Предлогот на Европската Комисија да биде одобрен?**

*Имав доста поволна оценка од Комитетот за вработување и социјални прашања на Европскиот Парламент за извештајот кој го правам. Нештата ќе бидат блокирани и ќе биде тешко да се пробуткаат на ниво на Европскиот Совет, бидејќи владите на земјите членки не сакаат дел од Европскиот социјален фонд, а тоа се многу пари, да биде врзан за една специфична социјална цел.*

**Зошто земјите членки не сакаат да го поддржат Предлогот?**

*Бидејќи го гледаат како повреда на нивното право на избор за што да ги користат средствата на Европскиот социјален фонд. А ние, како парламентарци кои ги претставуваат европските граѓани, ние ги сакаме овие средства врзани. Јас ќе го водам преговарачкиот тим на Европскиот Парламент во Советот. Во тој тим се само жени (од сите политички партии), кои перфектно ја познаваат материјата, бидејќи на*

[4] Интервјуто со г-ѓа Е. Моран-Шартије е направен на 4.09.2012. Од тогаш, Извештајот е финализиран и ЕП треба да гласа за него на пленарна седница. Како известувач за прашањето, г-ѓа Моран-Шартије навистина има водечка улога во управувањето на преговорите на Парламентот во оваа процедура (т.е. договор мора да се постигне помеѓу Европскиот Парламент и Европскиот Совет).

*неа работиме веќе година и пол, скоро две години и Ве уверувам дека никој не сака да попушти. Овие преговори со Советот ќе бидат тешки, но ние ќе останеме на цврсти позиции.*

**Што е тоа известувач?**
**Известувачот може да се смета за „службеник за врски“ на Парламентарниот комитет, и има неколку клучни функции.**

**а) Известувачот „известува“ за заклучоците на Европскиот парламентарен комитет на пленарна седница. Во тоа својство, мислењето на известувачот има големо значење. Ако сакате да влијаете на некој предлог, важно е да сте сигурни дека известувачот е свесен за Вашите интереси.**

**б) Друга функција на известувачот е да прати што се случува со предлогот додека минува низ законодавниот процес и да е сигурен дека другите институции го прават она што е потребно во врска со предлогот. Еден обичен пример, ако Парламентот го видел предлогот и гласал за него, а Советот значајно го промени текстот, тогаш овој треба да се врати во Парламентот на проверка и ако е потребно, на повторно гласање.**

**Известувачот затоа има многу важна улога и ако сте заинтересирани да влијаете на некој предлог, важно е да знаете не само кои се ЧЕП (членови на Европскиот Парламент) во комитетот кои се занимаваат со предлогот, туку и кој е известувачот.**
**Често известувачот е и претседател на комитетот.**

## Во два збора за новиот Фонд за европска помош на најзагрозените

Од Винсент Карон, Стратешки директор, ЕАПН

**На 24 октомври 2012 година Европската Комисија го објави својот законски предлог за Фондот за европска помош на најзагрозените.[5] Овој фонд е наследник на Програмата за дистрибуција на храна на ЕУ, познат како “Food Aid Programme” („Програма за помош во храна“). Во 2010, преку 18 милиони луѓе имаа директна корист од оваа програма.**

Историски вклучена во буџетот на Заедничката аграрна политика (ЗАП), Програмата за помош во храна функционираше на темел на вишокот на ЗАП. Сепак, набавките на пазарот постепено се покачуваа како што и нивото на овие вишоци се намалуваше. Поради тоа, а и затоа што ЕУ немаше надлежност во таа смисла, 6 земји членки ја нападнаа законската основа на Програмата за помош во храна на Судот за европска правда во 2011 година. Се постигна политички договор во декември 2011 и Програмата можеше да продолжи во 2012-2013 година. Така, сé повеќе имаше потреба за нов програмски период за фондовите на ЕУ (2014-2020).

## Главни карактеристики на Предлогот на Европската Комисија за Фондот за најзагрозените

Пратејќи го процесот на консултации помеѓу различни чинители, вклучувајќи ги НВО-ата и народните кујни, Европската Комисија му го објави својот предлог на Фондот за европска помош на

[5] Види на веб-страната на Европската Комисија: http://ec.europa.eu/social/main.jsp?langId=en&catId=89&newsId=1704&furtherNews=yes.

најзагрозените во октомври 2012. За да ја пронајде најадекватната законска основа, Комисијата предложи овој нов Фонд да го направи специфичен инструмент во рамки на Кохезионата политика, и со тоа да ги надополни постоечките финансиски инструменти што се однесуваат на социјалната кохезија (вклучувајќи го и Европскиот социјален фонд), како и да го реши гореспомнатиот проблем со законската основа. Имајќи полза од новата законска основа на Кохезионата политика, Фондот ќе покрие поширок опсег на интервенции, а и земјите членки би имале поголема флексибилност за начинот на кој ќе го користат.

Овој Фонд, вели Предлогот на Комисијата, треба исто така да придонесе кон целта за намалување на сиромаштијата, борејќи се против најтешките аспекти на сиромаштијата.

Главната цел на овој Фонд би била да обезбеди, преку придружни мерки, поддршка за најзагрозените луѓе, кои се премногу исклучени за да можат да ги користат активните мерки на Европскиот социјален фонд. Земјите членки би можеле да изберат помеѓу задржување на компонентата дистрибуција на помош во храна, од претходната Програма за помош во храна, или да се соочат со проблемот на неколкуте аспекти на најтешка загрозеност: бездомништвото или тешката неимаштина на децата.

Земјите членки, исто така, би можеле да преземат придружни мерки, надополнувајќи ги со материјална поддршка, за да придонесат кон социјалната интеграција на најзагрозените лица.

Земјите членки би ги избрале партнерските организации за спроведување на оваа нова програма.[6]

Што се однесува до партнерскиот принцип, овој треба да се примени и на национално и на ниво на ЕУ. На национално ниво, релевантните партнери (вклучувајќи ги и НВО-ата) би требале да бидат вклучени во припремата на Оперативните програми. На ниво на ЕУ, треба да се приготви ЕУ платформа за да ја олесни измената на искуства, градењето на капацитети и умрежувањето, како и ширењето на важните резултати на полето на нефинансиската помош за најзагрозените.

**Ограничениот буџет во опасност**

Предложениот буџет за периодот од 7 години (2014-2020) е 2,5 билиони евра. Овој износ е многу ограничен, уште повеќе кога ќе се спореди со растечкиот број на луѓе кои не можат да си ги задоволат основните потреби, како резултат на економската криза и на мерките на штедење. Уште еден отежнувачки фактор е што сите 28 земји членки[7] ќе мора да ги користат овие средства – или парите ќе бидат изгубени. Само 20 земји членки имаат корист од сегашната Програма на помош во храна, со годишен износ на пари поголем од оној предвиден со новиот Фонд.

Уште повеќе, сé уште не е јасно од каде ќе се одземат парите во склоп на Структурните фондови и посебно, во Европскиот социјален Фонд.

[6] Ќе има една поедноставена Оперативна Програма по земја. Предлогот на Комисијата е да се бара од земјите членки 15% суфинансирање (со можност за намалување на оваа стапка за земјите соочени со потешкотии со буџетот). Комисијата ќе обезбеди 11% предфинансирање за да ги покрие трошоците на првата зимска кампања почнувајќи од 2014 година.

[7] Вклучувајќи ја и Хрватска, која ќе й се придружи на ЕУ во 2013 година.

Расправата за овој нов Фонд се одигрува во пошироката глобална рамка на тековните преговори на Повеќегодишната финансиска рамка (ПФР) (2014-2020). Кипарското претседателство на 29 октомври објави изменет Предлог за преговарачката кутија[8] (т.е. сите различни елементи поврзани со буџетот на ЕУ што се дискутираат), кој го вклучува резот од 20% во буџетот (т.е. 2 билиона евра).

Европскиот Совет не постигна договор за време на вонредниот самит за буџетот на ЕУ, што се одржа на 22-23 ноември 2012 година. Прашањето за преживувањето и износот на овој Фонд сé уште, значи, виси во воздух, додека Советот не донесе конечна одлука за тоа, се надеваме на идниот вонреден самит на ЕУ во февруари 2013 година. Тек тогаш ќе може да започне дискусијата за Фондот помеѓу Советот и Европскиот Парламент, а конечното усвојување тогаш би се очекувало кон средината на 2013 година. Ова одложување му дава, сепак, на ЕАПН можност да ја подобри содржината на Предлогот на Комисијата, посебно во однос на Европскиот Парламент, кој изгледа е склон да го поддржи.

**Инволвираноста на ЕАПН**

ЕАПН заедно со некои од нејзините Европски организации (Eurodiaconia, FEANTSA, Caritas Europa, FEBA) силно лобираше да се задржи Програмата на помош во храна и после 2013 година, и пред објавата на Предлогот на Комисијата – со обраќање до земјите членки и вклучувајќи се во консултациите со чинителите организирани од Комисијата – како и после тоа, на состанокот на владата на Ван Ромпуј, во поглед на вонредниот самит во ноември за буџетот на ЕУ. Во неколку наврати нагласивме дека е од големо значење овој Фонд да може да одговори на потребите на сé поголем број на луѓе и ова прашање да се постави во поширока глобална рамка на интегрирана стратегија на борба против сиромаштијата во ЕУ, распределувајќи доволен износ на средства кон Структурните фондови и посебно кон Европскиот социјален фонд.

**Поврзување на помошта во храна со пристапот до добра квалитетна храна за сите**



Од Доминик Патурел, ЕАПН Франција, истражувач во националниот институт за агрономски истражувања (ИНРА), Франција

**„Промислувањето на агендата за помош во храна во смисла на добра квалитетна храна за сите е значајно за обликувањето на идните прашања за храната.“**

Сегашната дебата за новиот начин на финансирање за Европската програма на помош во храна за најзагрозените лица (ПЕАД) ја направи помошта во храна тема од највисок профил за влијаење на сегашната социјална, политичка и економска криза. Големиот раст на несигурноста и сиромаштијата остави голем број луѓе да се снаоѓаат сами за да имаат доволно за јадење. Да се знае од каде ќе дојде следниот оброк е сé повеќе проблем за најранливите: помошта во храна така станува одговор

[8] http://www.consilium.europa.eu/media/1775173/st15599en12.pdf

на оваа врста на исклученост. Давањата се воглавно од добротворни организации. И пристојна квалитетна храна има во Франција во изобилие и никој тука не умира од глад во моментов. Па сепак, постојат некои 3,2 милиони луѓе што не можат да добијат доволно квалитетна храна за јадење. Значи дека сепак денес постои прашање на неизвесност врзано за храната.

Европскиот, а со тоа и националните системи мораа да воведат следење на храната и доказни барања, што негативно се одрази на корисниците: некои од оние на кои најмногу им треба, не можат да ги задоволат овие барања и оваа помош веќе не им е достапна.

Истовремено, некој локален производ се бори да најде купувачи и некои приходи на фармерите се во нестабилна положба. Експерименталните шеми на поврзување на помошта во храна со директните продажби на производи треба да се поддржат како начин да се понудат поинакви форми на пристап до храна. Експериментот Restos du Coeur de l'Hérault (Hérault услугите на дистрибуција на топли оброци) темелен на уникатното партнерство при пазарот за овошје и зеленчук во Монтпелје е прав пример за тоа. Давајќи им на корисниците на помош во храна можност да конзумираат локални продукти помага и да се стави свежа храна во нивната исхрана и ги поддржува локалните продавници на фармерите во тој регион. Исто така помага да го поврземе повторно она што го јадеме со тоа како е нешто произведено.

Можат од ова да се научат лекции, не само за помошта во храна, туку и поширoко, за секторот на понуда на храна. Уште поблиску, ни кажува за големата разноликост на ланци за добавка на помош во храна, најразличните форми на организации за директна продажба, вкрстувањето на различни врсти дистрибуциски канали, кои прават системи на храна, вклучувајќи мешање на директната продажба и традиционалниот дистрибуциски канал. Затоа промислувањето на агендата за помош во храна во смисла на пристап до квалитетна храна за сите е од витално значење за обликувањето на идните прашања за храната.

**Структурни фондови: низ призмата на Каритас Европа**


Од Артур Бенедиктовиц, Директор за политики и застапништво, Каритас Европа

Во сите ЕУ земји, организациите на Каритас се на првите црти во помагањето на оние што најмногу патат од сиромаштијата и социјалната исклученост. Нашите активности не само што се врзани со давање моментална помош во облека или храна на оние коишто живеат во сиромаштија од најекстремната форма, туку исто така им помагаат на луѓето да ја надминат сиромаштијата и социјалната исклученост. Имајќи јака база и познавајќи ги националните прилики, Каритас разви знаење и стручност во помагање на оние, кои се препознаени како најранливи групи. Во последниве години, оваа стручност беше ефикасно применета преку специфични проекти финансирани од Европскиот социјален фонд (ЕСФ). На многу полиња на кои интервенираше ЕСФ – како поддршка на вработувањето во претпријатијата на социјалната економија или помагање на младите во ризик од

социјална исклученост – Каритас покажа дека методите применувани од страна на непрофитните организации можат да доведат до позитивни долгорочни резултати.

***Повик за минимални удели за Европскиот социјален фонд и за посебен буџет за Европската помош на најзагрозените***

Каритас Европа (КЕ), затоа, ги сподели своите видувања и идеи во врска со Структурниот фонд на ЕУ 2014-2020 со оние кои би можеле да имаат влијание на финалното обликување на Фондовите. Главната порака на нашето застапништво е дека ЕУ Фондовите мора да ги поддржат целите на Европа 2020, посебно оние изразени низ целите за намалување на сиромаштијата и растот на вработеноста. Поради тоа, а и поради негативнито влијание на мерките за штедење на најранливите, Каритас Европа посебно повика на обезбедување минимум прераспределба од 25% на кохезивниот фонд кон ЕСФ и за врзување на 20% од ЕСФ за социјално вклучување и борба против сиромаштијата. И згора на тоа, КЕ силно поддржува уште еден предлог на Комисијата, оној за дефинирање на Фондот на европска помош за најзагрозените во висина од 2,5 билиони евра како посебен фонд во рамките на Буџетот на кохезионата политика. КЕ исто така повика на уште неколку измени во законодавството на ЕУ фондовите, што би можеле да ја подобрат социјалната економија (исто така со помош од ЕРДФ) или капацитетите на социјалните НВО-а.

***Акција!***

Имајќи ја предвид специфичноста на термините и комплексноста на процедурата за усвојување на законодавството на ЕУ Фондовите и буџетот после 2013 година, пробавме да одбереме различни чинители во процесот, во различни временски термини. Меѓу креаторите на политики кои добија позиции во Каритас беа ЧЕП (членови на Европскиот Парламент), воглавно членови на комитетите на ЕМПЛ и РЕГИ, Европската Комисија и Советот. КЕ исто ја искористи можноста да ја претстави својата порака за иднината на Кохезионата политика на ЕУ преку својот Извештај за Стратегијата Европа 2020. Освен членовите на Комисијата Андор (кој беше на состанок со Претседателот на КЕ и Генералниот Секретар), Рен и Василу, посебниот Директор Генерал на Комисијата и неговиот Генерален Секретар беа меѓу слушателите. Имајќи предвид дека во 2013 година Оперативните програми на 2014-2020 треба да бидат усвоени, мислиме дека треба да имаме влијание на нивната содржина, посебно низ Европскиот Семестар. Организациите на Каритас исто така беа охрабрени да лобираат директно кај своите влади. Тие беа поканети да контактираат други национални мрежи, односно во рамките на кампањата на ЕАПН „Парите на ЕУ за намалување на сиромаштијата сега!“ и да соберат потписи за петицијата предадена за време на Кипарското претседателство.

На ниво на Брисел, КЕ – независно од поддршката на кампањата на ЕАПН и акциите на Социјалната платформа – исто така беше дел од коалицијата составена од ЕАПН, Евроѓаконија, Црвениот крст и ЕФНК (Европска федерација на народни кујни), поддржувајќи го продолжувањето на Програмата за храна на најзагрозените (петицијата испратена до Претседателот на Советот Ван Ромпуј).

**Лобирањето на ЕАПН Шпанија за Структурните фондови**

Од Сали Гунти, ЕАПН Шпанија

**Во 2004 година, ЕАПН Шпанија одлучи да го прошири своето политичко застапништво и на Структурните фондови. Постојат неколку причини за тоа. Една беше цврстата убеденост во потенцијалот на Структурните Фондови – посебно Европскиот социјален фонд – за помагање во развојот на активности за вклучување на најзагрозените лица во општеството и работа на поттикнување иновации, промовирање еднаквост на половите, помагајќи во меѓунационалните односи итн.**

Малите и средните НВО-а во Шпанија ја докажаа својата способност да раководат со овие фондови, преку иницијативи во заедниците, кои беа во опасност да исчезнат. Четири шпански НВО-а од мрежата, од 2000 година наваму ја докажаа својата способност и ефикасност во имплементација на Оперативната програма „Борба против дискриминација" (ОП).

Ако се занемари овој специфичен програм, малите и средните НВО-а, за разлика од другите социјални актери, немаа пристап до Структурните фондови, што ја сопре кохезионата политика во исполнување на нејзината улога како овозможувач за приближување на региони и граѓани.

Финансискиот аспект на Фондовите не беше приоритет за ЕАПН Шпанија во тој момент: првиот беше да се задржи кохерентната стратешка позиција – средствата ќе следат. Првата цел на мрежата беше да работи кон развојот на Оперативните Програми, така да НВО-ата добијат можност да го кажат своето мислење при планирањето и воведат мерки за да се соочат со потребите на најранливите групи. Исто така, ЕАПН Шпанија сакаше ОП проектите да се водат на повеќегодишна основа – најмалку три години – и НВО-ата да бидат вклучени во комисиите за мониторинг.

За да дојде до тоа, мрежата имаше потреба од технички капацитет за да им пренесе јасна и разумна агенда на властите. Ова значеше ЕАПН Шпанија да се ангажира за неколку нешта:

1. Мрежата се вклучи во Работната група на ЕАПН Европа, а потоа и во нејзината Оперативна група, помагајќи во измената на искуства и поставувањето Група за поддршка.

2. Постави постојана Работна група за Структурните фондови, која од 2002 ги разви следните активности, обликувани од регионалната поставеност и управувањето на Структурните фондови во Шпанија.

**На национално ниво:**

- Лобирање на Единицата за менаџмент, која е директно поврзана со Европската Комисија и го управува буџетот на Европскиот социјален фонд во Шпанија и оној на три мултирегионални ОП. Мрежата има постојан дијалог со него од 2005 година и исто така преговара со Министерот за економија, кој е одговорен за Европскиот Фонд за регионален развој (ЕФРР).

- Мрежата исто така ги преведе прирачниците и документите на ЕАПН Европа и на Работната група за Структурните фондови.
- Таа исто така воведе и надворешна експертиза, особено на почетокот.
- Мораше да ја подобри свеста и на својот извршен комитет за важноста на прашањето.
- Беше многу активна во европската кампања на ЕАПН „Парите на ЕУ за намалување на сиромаштијата СЕГА!“.

**На регионално ниво:**

- Пренесување на политичките застапнички активности на регионално ниво, бидејќи секој регион управува со свој ОП и тука се водат специфични активности, врзани за заедницата.
- Од 2005 ЕАПН Шпанија има организирано семинари и обуки за Структурните фондови во секој регион: ги прегледува карактеристиките на кохезионата политика; анализира нови аспекти на регулација; разменува искуства  и добри практики во другите региони; и ги **кани регионалните власти за Фондовите да земат учество во семинарите**.
- После семинарите и обуките, работните групи за структурните фондови се поставени во региони како потпора во директното лобирање на регионално ниво и исто така имаат улога на поддржувачи во работните групи на национално ниво.
- Секоја регионална мрежа на ЕАПН Шпанија развива предлози специфични за својот регион (социјална и економска ситуација, број на невработени, школски неуспеси итн.), кои ги одразуваат предлозите за регулација на Структурните фондови и Европскиот код за однесување во партнерството.

ЕАПН Шпанија ужива национално признание за својата работа како член и на мониторинг комисијата на ОП „Борба против дискриминацијата“ и на мрежата „Социјална вклученост“, воглавно управувана од страна на Единицата за менаџмент, Министерството за труд и Одделот за социјални услуги, како и дел на различни регионални мониторинг комисии.

Што се однесува до инситуционалниот дијалог, политичарите присуствуваа на голем број наши регионални семинари (Андалузија, Галиција, Екстрамадура, Кастилја ла Манча итн.) додека мрежите во некои региони разговараат со своите власти за програмите 2014-2020.

ЕАПН Шпанија се надева дека за периодот 2014-2020 Фондовите ќе бидат попристапни за НВО-ата, за да можат да одговорат на специфичните потреби на луѓето на најдобар можен начин, посебно во смисла на социјалната вклученост, пристапот до обука и вработувањето.

**Eurochild: децата да бидат видливи во буџетот на ЕУ**

Од Река Тунјоги, Парламентарен службеник, Eurochild

**Како што ЕУ напредува кон усвојување на нов долгорочен буџет, детските права и понатаму се во секојдневна опасност поради недостаток на пристап за примерена заштита, здравство, стан, образование, храна или поддршка од семејството. Денес во ЕУ повеќе од едно на четири деца живеат во ризик од сиромаштија и социјална исклученост. Сепак, невозможно е да се каже колку од буџетот на ЕУ се инвестира за децата.**

Во тек на изминативе години, Eurochild работеше на промена на таа перцепција во рамки на Повеќегодишниот финансиски оквир (ПФО) 2014-2020. Веруваме дека преку мудро инвестирање во децата, постоечките политички пропусти и влијанието на економската криза можат да бидат ублажени. Eurochild не само што има намера да ги истакне приоритетите на социјална вклученост, туку и да направи правата на децата да се спомнуваат низ сите акти.

**Не само финансиски минумум, туку и политичка определба од сите земји членки**

Eurochild ѝ се придружи на кампањата на ЕАПН за задржување на 20% за социјална вклученост во рамките на ЕСФ, сметајќи го овој репер не само како финансиски минимум што треба да се почитува, туку и како политичка определба на сите земји членки, кон која тие треба да се обврзат да ја исполнат. Со дејствување врз нацртот на одредбите на Структурните фондови (Општи одредби, ЕСФ и Европскиот фонд за регионален развој) исто така беше зајакнато и признавањето на нивниот потенцијал за развој на грижа за семјствата и заедниците и спречувањето децата да се префрлат во алтернативниот систем на нега.

**Чекори кон промоција на правата на децата и нивната благосостојба**

Нашите амандмани и редовни контакти со Европскиот Парламент не беа залудни. Eurochild беше задоволен кога Европскиот Парламент ја даде својата поддршка за појака основа во својот извештај за инвестирање во децата. Посебно је поздравуваме заложбата на ЕП за ЕСФ да вклучува инвестициски приоритет *за промоција на правата на децата и нивната благосостојба, и со тоа да ги заштити децата и да се бори против сиромаштијата на децата*. Извештајот на ЕП за Европскиот фонд за регионален развој беше подобрен, за да поддржи *транзиција од институционално базираните услуги кон услугите базирани на заедниците и семејствата*.

Под поглавјето 3 (Безбедност и Државјанство) Eurochild се залагаше за имплементација на Лисабонскиот договор и за појака формулација во одредбите, кога се работи за промоција на заштитата на правата на детето во програмите за поддршка на основните права и државјанство, како и правда во ЕУ.

Нашите застапнички средства вклучуваа состаноци во Европскиот Парламент, пропратени со редовни контакти за изготвување на амандмани и препораки за гласање. Членовите на Eurochild беа мобилизирани повеќе пати да им се обратат на националните влади. Сфаќајќи ја предноста на здружување на силите, Eurochild беше активен во кооперација на Повеќегодишната финансиска рамка со членовите на Акциската група за детски права; Европската експертска група за транзиција од институционална грижа кон грижа базирана врз заедниците; Социјална платформа и се разбира, ЕАПН.

**Инвестирањето во децата денес ствара вклучувачко општество за утре**

Eurochild постојано повикува на тоа децата да бидат присутни во буџетот на ЕУ. Ова бара теренски и застапнички напори и помош од нашите членови. Ние сме цврсти знаејќи дека поширокото општество и НВО-ата за детски права ја имаат истата визија дека инвестирањето во децата денес ствара вклучувачко општество за утре.

***Парите на ЕУ за намалување на сиромаштијата СЕГА!***
**Повик до земјите членки да ги почитуваат своите обврски за намалување на сиромаштијата**
Од Нели Епинат, Директор за комуникации, ЕАПН

**Координирана од ЕАПН и други 19 социјални НВО-а, кампањата *Парите на ЕУ за намалување на сиромаштијата СЕГА!* ги повикува земјите членки да ги почитуваат своите обврски за намалување на сиромаштијата и да обезбедат потребните средства на ЕУ да се прераспределени за ефикасна и делотворна борба против сиромаштијата и социјалната исклученост. Зошто?**

Во октомври 2011 година Европската Комисија го објави својот Предлог за идниот круг на Кохезионата политика (2014-2020) повикувајќи на 2 минимални удела: минималниот удел од 25% од Буџетот на кохезионата политика кон ЕСФ и најмалку 20% од овие ЕСФ средства врзани за социјалната вклученост и борбата против сиромаштијата.

Ова беше нашироко поздравено од социјалните НВО-а како конкретен предлог што ѝ дава кредибилитет на целта за намалување на сиромаштијата, договорена од водачите на ЕУ како интегрален дел на Стратегијата Европа 2020, но поголемиот дел од земјите членки покажаа незаинтересираност кон Предлогот, и покрај нивните заложби, покрај ситуацијата на продлабочувачка криза и погубните последици на мерките на штедење и растечкиот јаз на нееднаквоста во општествата.

ЕАПН и 19 други социјални НВО-а реагираа и ја почнаа својата кампања „Парите на ЕУ за намалување на сиромаштијата СЕГА!“, повикувајќи на:

- Прераспределба на најмалку 25% на Буџетот на кохезионата политика кон Европскиот социјален фонд (ЕСФ);
- Врзување на најмалку 20% од ЕСФ за социјалната вклученост и намалување на сиромаштијата.

Во прилог на тоа, сите вклучени НВО-а и нивните Национални мрежи беа поканети да ја рашират кампањата во нивните социјални медиуми.

**Интензивна работа на лобирање**

Имајќи го предвид отпорот на 26 од 27 земји членки да ги поддржат минималните удели за ЕСФ, кампањата ги усмери повеќето од своите акции на лобирање кон националните влади и на национално и на ниво на ЕУ.

Видливи сојузници во оваа кампања беа членовите на ЕУ Парламентот и Известувачот за регулација на ЕСФ Елизабет Моран-Шартије, кого ЕАПН го интервјуираше во септември 2012 година: „Како

парламентарци, претставувајќи ги европските граѓани, ние сакаме и ќе се бориме за овие 20% да бидат врзани за борбата против сиромаштијата“.

На ниво на ЕУ, ЕАПН се сретнува со претставници на Советот и на Владата на Претседателот на Европскиот Совет Херман ван Ромпуј, за да се изнесе значењето на поддршката на минималните удели, како што се предложени од Европската Комисија.

Коалицијата на НВО-а им пиша на земјите членки да бидат транспарентни и да стојат на позицијата завземена од нивните земји. Само 3 земји одговорија... воглавно во прилог на поголемата флексибилност на земјите членки во користењето на ЕСФ, во согласност со нивните национални приоритети.

На национално ниво, националните мрежи директно ги контактираа нивните национални власти. На пример, ЕАПН Шпанија ги контактираше и се сретна со претставници и на национално и на ниво на ЕУ, за да проба да ја убеди шпанската влада за значењето на клучните барања на кампањата.

Во таа смисла, 2 заеднички писма беа пратени од јунскиот и ноемврискиот состанок на Советот за општи прашања, за да ги повика земјите членки да придонесат кон целта на намалување на сиромаштијата преку јак и вклучувачки ЕСФ.

Благодарение на паралелните преговори за буџетот на ЕУ, овој повик во ноември беше проширен во одбрана на амбициозниот буџет за Структурните фондови. Во оваа прилика, листата на сите луѓе што ја потпишаа петицијата беше вметната заедно со писмото и предадена на г-динот Адонис Константинидис, Амбасадор задолжен за Кохезионата политика кај кипарските постојани претставници.

ЕАПН исто така се осврна и на резултатите од ноемврискиот состанок на Советот за општи прашања, како и на вонредниот самит на Буџетот на ЕУ (22-23 ноември), со цврст повик до земјите членки да постигнат договор што ќе обезбеди доволна финансиска поддршка за остварување на целта за намалувањее на сиромаштијата.

**Што е следно?**

Бидејќи ноемврискиот Совет за општи прашања *не донесе* никаков договор, кампањата ќе продолжи сé до конечно усвојување од страна на сите ЕУ институции. Како што Советот продолжува да ги поткопува минималните удели за ЕСФ, новите акции на лобирање ќе бидат усмерени кон земјите членки, како и додатните акции кон Европскиот Парламент (за кој се очекува да ги усвои сите Одредби за Структурните фондови до крајот на првиот квартал на 2013 година) и Европската Комисија во рамките на тековниот процес на преговори меѓу трите страни, за поставување на ова прашање на високо место во нивните агенди.

Сé што сакате да дознаете за оваа кампања е достапно на веб-страната на ЕАПН
http://www.eapn.eu/en/what-we-do/our-campaigns/eu-money-for-poverty-reduction-now.
За да се разбере прашањето подобро, ќе најдете памфлет на таа страна, достапен не 8 јазика.
Ако сакате да знаете уште повеќе, ќе го најдете и документот на Европскиот социјален фонд.

Ја потпишавте ли петицијата на кампањата?
Не чекајте веќе и споделете ја!

http://www.avaaz.org/en/petition/EU_Money_for_Poverty-Reduction_NOW_1
(исто така и на француски, шпански, германски, португалски и италијански)[9]




**„Парите на ЕУ за намалување на сиромаштијата СЕГА!“**

**Оваа кампања ја води** European Anti-Poverty Network (EAPN) **со своите членови** European Federation of National Organisations Working with the Homeless (FEANTSA), Caritas Europa, European Network Against Racism (ENAR), Eurochild, Eurodiaconia, AGE Platform, Salvation Army, Mental Health Social Exclusion Europa (SMES Europa), International Federation of Social Workers (IFSW) Europe, **како и со** Platform of European Social NGOs (Social Platform), SOLIDAR, European Women's Lobby (EWL), European Disability Forum (EDF), European association of Service Providers for Persons with Disabilities (EASPD), International Council on Social Welfare (ICSW) Europe, Mental Health Europe, Workability Europe, PICUM **и** Inclusion Europe.

9 http://www.avaaz.org/en/petition/EU_Money_for_Poverty-Reduction_NOW_1